09-1937/4
26-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55 - та седница, прво продолжение, одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-1937/1 од 18.05.2021 година, оформен по доставена анонимна пријава против службеното лице ---------, в.д. директор на ЈЗУ ЦЈЗ -----, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и утврдување на фактичка состојба, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, не се констатирани повреди на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 18.05.2021 година, поднесена е пријава против службеното лице ---------, в.д. директор на ЈЗУ ЦЈЗ -------- со наводи дека истата извршувала и други функции покрај тоа што е в.д. директор на јавна установа, по што оформен е предмет со бр. 09-1937/1 од 18.05.2021 година.

ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата и ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето ---------- ја извршува функцијата в.д. директор на ЈЗУ ЦЈЗ -------- од 09.12.2020 година.

Исто така, со Решение од 12.12.2019 година од страна на директорот на ФЗО на РСМ формирана е Првостепена лекарска комисија во ФЗО на РСМ, Подрачна служба – -------- каде во составот стои и лицето -----------.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не е настанато прекршување на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклуок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител